СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 19/23

Излегува по потреба 26.12.2023 год. (вторник) бр. 19 година XXVII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на Нацрт Буџетот на Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува Одлука за усвојување на Нацрт Буџетот на Општина Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/1
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/2002), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.12.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Нацрт Буџетот на Општина Новаци за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука, се усвои Нацрт Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-890/ 4
20.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Измена и дополнување на Финансиската програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 година

1. Се прогласува Измена и дополнување на Финансиската програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/2
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
Тел./факс: 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на _____година донесе

Измена и дополнување на Финансиската Програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 год.

Врз основа на член 157 и член 158 од Законот за основно образование со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

За програмата Н1 – основно образование во буџетот на Општина Новаци за 2023 година се издвоени вкупно 0 денари.А од Министерство за образование како дотации според насоките од Министерството за финансии со Архивски број 08-5678/2 се предвидени 37.735.000,00 денари, од кои 34.016.213,00 денари за Плати и надоместоци, 3.566.188,00 денари за стоки и услуги , капитални расходи во износ од 211.676,00. За програмата Н1 – основно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 50.000,00 денари.

На сметката донации за програма Н1 – основно образование испланирани се вкупно 0 денари.

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
Програмата јавни дејности (образование) во Општина Новаци
за 2023 година

р.бр.	Програма	Ставка	Опис	Буџет	Дотации
1	H1	401130	Основни плати		22.601.733,00
2	H1	401310	Персонален данок на доход од плата		1.784.669,00
	H1	401320	Персонален данок од доход од надоместоци		73.326,00
3	H1	402110	Основни придонеси за ПИО		6.372.467,00
4	H1	402210	Основни придонеси за здравство		2.542.209,00
5	H1	402220	Основен придонес за професионално заболување		169.461,00
6	H1	402310	Основни придонеси до Агенцијата за вработување		425.674,00
7	H1	404110	Надомест за годишен одмор		660.000,00
7	H1	421110	Електрична енергија		409.077,00
8	H1	421120	Водовод и канализација		20.000,00
9	H1	421130	Ѓубретарина		12.000,00
10	H1	421190	Други комунални такси и услуги		10.000,00
11	H1	421220	Дрва		400.000,00
12	H1	421240	Течни горива		

					1.040.911,00
13	H1	421310	Пошта		5.000,00
14	H1	421320	Телефон и текефакс		19.200,00
15	H1	421390	Други трошоци за комуникација		45.000,00
14	H1	421410	Горива и масла		480.674,00
15	H1	423110	Канцелариски материјали		60.000,00
16	H1	423610	Наставно-образовни помагала		10.000,00
17	H1	423710	Средства за одржување на хигиена		50.000,00
18	H1	423720	Материјали за разни поправки		50.000,00
19	H1	423810	Ситен инвентар		10.000,00
20	H1	424210	Одржување на згради		97.000,00
20	H1	424230	Дезинфекциј,Дезинсекција и дератизација		25.000,00
21	H1	424420	Поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема		20.000,00
21	H1	424440	Поправки и одржување на друга опрема		6.000,00
21	H1	425250	Осигурување на недвижности и права		20.000,00
22	H1	425290	Други финансиски услуги		2.000,00
22	H1	425490	Други здравствени услуги		44.000,00
23	H1	425990	Други договорни услуги		53.000,00
24	H1	426210	Семинари и конференции		9.000,00
23	H1	426410	Објавување на огласи		50.000,00
24	H1	426990	Други оперативни расходи		5.000,00
25	H1	480140	Купување на информатичка и видео		211.676,00

			опрема		
26	H1	480190	Купување на друга опрема		
			Вкупно:		
1	H2	401130	Основни плати		
2	H2	401310	Персонален данок на доход од плата		
3	H2	402110	Основни придонеси за ПИО		
4	H2	402210	Основни придонеси за здравство		
5	H2	402220	Основен придонес за професионално заболување		
6	H2	402310	Основни придонеси до Агенцијата за вработување		
7	H2	421110	Електрична енергија		
8	H2	421120	Водовод и канализација		
9	H2	421130	Ѓубретарина		
10	H2	421190	Други комунални такси и услуги		
11	H2	421220	Дрва		
12	H2	421240	Течни горива		
13	H2	421390	Други трошоци за комуникација		
14	H2	421440	Транспорт на луѓе		
15	H2	423110	Канцелариски материјали		
16	H2	423610	Наставно-образовни помагала		
17	H2	423710	Средства за одржување на хигиена		
18	H2	423720	Материјали за разни поправки		
19	H2	423810	Ситен инвентар		
20	H2	424210	Одржување на згради		
21	H2	424230	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација		
22	H2	424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема		
23	H2	424440	Наставно-образовни помагала		
24	H2	425490	Други здравствени услуги		
25	H2	425760	Превозни услуги во образованието		

26	H2	425970	Консултантски услуги		
27	H2	425990	Други договорни услуги		
28	H2	426310	Семинари и конференции		
29	H2	426410	Објавување на огласи		
30	H2	426990	Други оперативни расходи		
31	H2	464990	Други трансфери		
32	H2	480140	Купување на информатичка и видео опрема		
33	H2	480190	Купување на друга опрема		
34	H2	482930	Реконструкција на други објекти		
			Вкупно:		

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за финансии и Одделението за општи и правни работи на Општина Новаци.
- Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Претседател
на Совет на Општина Новаци

Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма и Акциски план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува Програма и Акциски план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/3
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

ОПШТИНА НОВАЦИ

ПРОГРАМА И АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА НОВАЦИ за 2024г.

ДЕКЕМВРИ 2023г.

Врз основа член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.12.2023 г. донесе:

Вовед

Програмата за социјална заштита за 2024 година на Општина Новаци дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита на граѓаните и граѓанките на Општина Новаци, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните/ките на Општина Новаци. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните/ките на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Новаци за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит.

Во насока на подобрување на условите на локално ниво во сферата на социјалната заштита, Општина Новаци прави напори во рамките на своите можности да се вклучи посеопфатно и поорганизирно во решавање на проблемите на своите граѓани/ки. Поаѓајќи од тоа Програмата за социјална заштита на Општина Новаци е систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на сите граѓани/ки, особено на најсиромашните и социјално исклучените граѓани/ки кои најчесто се постари лица, жени, луѓе со попреченост и сл. Општина Новаци се обврзува да ги употреби сите расположливи ресурси притоа земајќи ги во предвид реалните услови за живот и потребите жените, мажите и децата, материјалните, професионалните и организациските можности на Општина Новаци.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик. Целни групи кои ќе бидат опфатени со Програмата со социјална заштита се сите граѓани/ки од Општина Новаци кои во моментот на своето живеење и делување биле зафатени или погодени од одредени социјални ризици. Притоа, програмата е родово-сензитивна, односно ги зема предвид различните потреби на жените и мажите во општината и препознава дека жените со сите нивни различности поради својата општествена улога многу почесто се во поголем социјален ризик од мажите

Законски рамки според кои се подготвува самата програма

Општина Новаци во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата, односно Програмата за социјална заштита на Општина Новаци за 2023 година произлегува почитувајќи ги:

- Законот за социјална заштита (Сл. весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22)
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2021 год. (Сл. весник на РМ бр. 3/21),
- Законот за социјална сигурност за старите лица (Сл. весник на РСМ бр. 104/19),
- Законот за заштита на децата (Сл. весник на РСМ бр.23/13,12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 195/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18) и (Сл. весник на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22),
- Законот за семејство (Сл. весник на РМ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15) и (Сл.весник на РСМ бр 53/21),
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Сл. весник на РСМ бр. 24/21),
- Закон за еднакви можности на жените и мажите („Сл. весник на РМ“ бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Сл. весник на РСМ“ бр.53/21),
- Закон за спречување и заштита од дискриминација(„Сл. весник на РСМ бр. 258/20),
- Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Сл. весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5/02),
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

Цели на програмата

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Новаци е да предложи форми на социјална, детска и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања за добробит на своите граѓани/ки, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, на старите и младите, девојчињата и момчињата. Програмата се темели на начелата за еднаквост, (вклучително и родова еднаквост), недискриминација и почитување на човековите права и истата дирекно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Останати цели на програмата се:

- Развој на социјалната заштита и социјална превенција како организирана и координирана активност на локално ниво

- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку воведување на нови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните/граѓанките.
- Создавање услови за намалување на зависноста од институционална заштита преку развивање на алтернативни форми на заштита.
- Воведување на модалитетите за реализација на јавно-приватно партнерство во социјалната заштита

Предмет на програмата

Предмет на оваа Програма се мерки и активности кои ќе се реализираат во текот на 2024 година, а преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Општина Новаци, во областа на социјалната заштита.

Приоритети

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Новаци во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

- Социјална заштита на стари лица
- Социјална заштита на жртви од семејно насилство
- Ран детски развој
- Социјална заштита на лица со попреченост
- Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост
- Финансиска поддршка на лица кои имаат потреба од неа

Социјални ризици

Видови на **социјални проблеми и ризици** на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа Програма:

- проблеми кои настануваат како последица од природни непогоди и епидемии: пожари, поплави, епидемии, земјотреси и сл
- проблеми кои се поврзани со проблеми кои се поврзани со болести од зависност (зависност од дрога, коцкање, алкохол и сл.)
- ризици по здравјето (смрт, болест, повреда)
- ризици од стареење (старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од попреченост

Категории на лица опфатени со ова Програма, кога ќе се најдат во исклучително тешка состојба се:

- стари лица без семејна грижа
- лица со посебни потреби
- лица засегнати со злоупотреба на дрога, алхохол и коцкање
- лица со здравствени проблеми

- деца со воспитно-социјални проблеми
- деца со еднородителски семејства
- лица изложени на социјален ризик
- лица - жртви на семејно насилство
- лица погодени од елементарни непогоди, пожари, погребални трошоци и друго.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им се обезбеди социјална превенција, социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност и кога се во исклучителна тешка состојба.

Вредности и принципи на програмата

Системот на социјална заштита се заснова на начелото социјална праведност и солидарност, давање посебна заштита на немоќните и неспособните граѓани/ки за работа, посебна грижа и заштита на семејството, грижа за децата, за сите домаќинства кои се наоѓаат во социјален ризик.

Вредности и принципи врз кои се темели Програмата за социјална заштита на Општина Новаци се:

- Најдобри интереси на корисниците
- Социјална праведност и солидарност
- Достапност на услугите на корисниците
- Заштита на немоќните
- Учество и одговорност на учесниците
- Грижа и заштита на семејството во било каков облик и децата без родителска грижа
- Родова сензитивност
- Континуитет на заштита

Мерки и активности

Општина Новаци, со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани/ки, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

- Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на оддредени категории на лица (стари лица без семејна подршка, болни и изнемоштени лица, лица со попреченост, семејства настрадани од елементарни непогоди, самохрани родители без дополнителни приходи, лица кои останале без работа и приходи, жртви на семејно насилство и сл.) кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година:

- Еднократна парична помош за секое новородено дете, секое дете кое во учебната 2023/24 год. се запишува во прво одделение во ООУ "Славко Лумбарковски"- Новаци, ученици кои учествуваат во натпревари од повисок ранг и ученици кои поради настава имаат потреба од компјутери, како и еднократна парична помош на студенти, жители на Општина Новаци кои ќе се запишат прва година - прв циклус студии на на било кој факултет на државните универзитети во РСМ во академската 2024/25 година.

- Социјална заштита на стари лица – поддршка на активности на Здруженија на пензионери во насока на промоција на активна вклученост во општествениот и социјалниот живот што ќе придонесат кон зголемена општествена, социјална и културна активност на старите луѓе.

- Ран детски развој - активности со кои се пружа помош и поддршка во работењето на ЈОУДГ "Бамби" с. Новаци преку набавка на опрема и обезбедување на превоз за непречено реализирање на предвидените активности како и ослободување од партиципација на деца кои се згрижени во детската градинка и потекнуваат од социјално загрозени семејства.

- Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население.

- Поддршка на стручни организации и лица кои би организирале советодавна помош на категории граѓани во социјален ризик, обуки и активности за нивна интеграција, како и предавања и трибини за едукација против зависности и други болести,

- Соработка со Националната мрежа против насилството врз жените и семејно насилство, преку финансиска поддршка на Регионалниот женскиот центар за поддршка од Битола во кој можат да се обратат за помош и подршка жртви на насилство - жители на Општина Новаци.

Постапка за реализација

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и подзаконски акти во оваа област, Општината да им излезе финансиски или друг начин во пресрет на загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош, а

согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на Општината за 2024 година.

Висината на надоместокот, видовите на мерките и услугите за социјална заштита и превенција, за наведените категории на лица ќе се утврдуваат врз основа на поднесено барање со комплетна документација со која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за доделување на еднократна парична помош и по донесена одлука од страна на Советот на Општина Новаци или Градоначалник на Општина Новаци.

Оваа активност како мерка во рамките на реализацијата на Програмата за социјална заштита на Општина Новаци за 2024 година, ќе се спроведува од страна на Општина Новаци преку надлежните одделенија.

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на наведените категории лица ќе се обезбедуваат согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година во вкупен износ од **1.401.000,00** ден.

Целта на организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население е преку организарање на акција за собирање на облека, храна и друга опрема да им се помогне на социјално загрозени семејства и лица.

Носители на спроведување на активноста покрај Општина Новаци, ќе бидат вклучени и јавните установи, невладини организации и здруженија.

Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици, рано откривање и третман на жените и мажите односно на лицата и домаќинствата кои се соочуваат со потешкотии и проблеми.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Битола, со училиштата, здравствена установа, невладини организации и здруженија на граѓани како и други правни и физички лица.

Финансирање

За реализацијата на Програмата ќе се обезбедат потребни финансиски средства од Буџетот на Општина Новаци за 2024 год. во вкупен износ од **1.401000,00** ден. од Буџетот на РС Македонија и донатори.

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши Комисија за доделување на еднократна парична помош формирана од страна на Советот на Општина Новаци. По добиеното позитивно мислење од страна на Комисијата за еднократна парична помош за висината на финансиските средства ќе одлучува Градоначалникот на Општина Новаци за средства до 10.000,00 денари бруто износ, а за средства до 20.000,00 денари бруто износ ќе одлучува Советот на Општина Новаци.

Средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка на граѓанинот/ граѓанката.

Завршна одредба

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник," на општина Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател

Славица Најдовска Стојковска

ОПШТИНА НОВАЦИ Предлог - Програма за социјална заштита на граѓаните на општина	2024

АКЦИОНЕН ПЛАН							
	Активност	**Одговорни**	**Опис на активност**	**Цел**	**Време**	**Финансиски Ресурси (сума изразена во МКД)**	**Индикатори**
1	Доделување на парична помош						
1.1	Еднократна парична помош на физички лица	Градоначалник и Совет на Општина Новаци	Еднократна парична помош на физички лица изложени на социјален ризик припадници на оддредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба	Помош и финансиска поддршка на лица кои што се наоѓаат во незавидна положба за надминување на истата	2024	660.000,00	Број на лица на корисниците кои добиле еднократна парична помош (разделени по пол)
1. 2	Еднократна парична помош на ученици	Градоначалник и Совет на Општина Новаци	Еднократна парична помош за секое дете кое во учебната 2023/24 год се запишува во прво одд. и ученици кои учествуваат во натпревари од повисок ранг и ученици кои поради онлајн настава имаат потреба од комјутери што припаѓаат на социјално загрозени семејства	Помош и финансиска поддршка на ученици	2024	130. 000,00	Број на деца кои добиле финансиска помош и подршка (разделени по пол)
1.3	Еднократна парична помош на студенти	Градоначалник и Совет на Општина Новаци	Еднократна парична помош на редовни студенти, жители на Општина Новаци кои ќе се запишат	Помош и финансиска поддршка на студенти	2024	100.000,00	Број на студенти кои добиле финансиска помош и

			прва година - прв циклус студии на државните универзитети во РСМ				поддршка (разделени по пол)
2	Социјална заштита на стари лица						
2.1	Активна вклученост на старите лица во општествените текови	Општина Новаци, Здружение на пензионери, Здружение на жени „Силата на бабата“	Активности во насока на промоција на активна вклученост на старите лица во општествениот и социјалниот живот	Зголемена општествена, социјална и културна активност на старите лица	2024	20.000,00	Број на лица вклучени во активности од страна на Здр. на пензионери Број на лица вклучени во активности од страна на здр. на жени „Силата на бабата“ (разделени по пол)
2.2	Обука на негователи за пружање на нега и помош на стари лица во домашни услови	Општина Новаци, ЗГ, ОО Црвен крст Битола	Општина Новаци во соработка со Здруженијата на граѓани и ОО Црвен крст ќе оствари обука на негователи на стари и изнемоштени лица и лична асистенција	Со стекнување на сертификати лицата ќе бидат ангажирани на активности наменети за давање на помош во домашни услови на стари и изнемоштени лица и лица со посебни потреби	2024	40.000,00	Број на стари, изнемоштени лица и лица со посебни потреби на ниво на Општина Новаци кои добиле помош и нега во домот (разде - лени по пол)

3	Ран детски развој						
3.1	Надоместок за партиципација на деца од ЈОУДГ “Бамби“ Новаци	Општина Новаци, ЈОУДГ “Бамби“ Новаци	Согласно член 53 од Законот за заштита на деца МТСП донесе правилник за критериуми за остварување на право на партиципација но Општина Новаци тоа го проширува и на други категории на деца	Згрижување на деца во ЈОУГД „Бамби“ Новаци од социјално загрозени семејства.	2024	40.000,00	Број на згрижени деца од загрозени семејства (разделени по пол)
3.2	Еднократна парична помош за новородено дете	Општина Новаци	Доделување на еднократна финансиска помош од 6000 денари бруто износ за семејство за секое новородено дете во семејство во 2022	Помош и поддршка на семејства со новороденчиња	2024	90.000,00	Број на семејства кои добиле еднократна парична помош за новородено дете (разделени по пол)
4.	Јавни дејности						
4.1	Јавни работи	Општина Новаци, ЈПКД “ Комунална хигиена“ Новаци	Ангажирање на дополнителен број на извршители во Јавното претпријатие за комунални дејности “Новаци“ кои би биле ангажирани за наведените активности.	Работно ангажирани невработени лица со ниско и средно образование во период од 1 месец.	2024	50.000,00	Број на вклучени лица (разделени по пол)

4.2	Општинско корисна работа	УНДП, општина Новаци	Обука и ангажирање на лица за обезбедување услуги на грижа на заедницата	Ангажирање на долгорочно невработени лица	2024	150.000,00	Број на лица корисници на услуга во домашни услови (разделени по пол)
4.3	Проектни активности на ОО Црвек Крст-Битола	ОО Црвен крст Битола	Воспоставување на лиценциран социјален сервис Донирање на прехрамбени и хемиски производи на лица и домаќинсва во социјален ризик	Ангажирање на долгорочно невработени лица Помогнати лица и семејства во социјален ризик	2024	15.000,00	Број на ангажирани лица (разделени по пол) Број на посети на семејства и лица од ранливите категории
4.4	Поддршка на Националната мрежа против насилството врз жените и семејно насилство	Општина Новаци	Финансиска поддршка за Регионалниот женскиот центар за поддршка од Битола	Жената и девојката има право на помош, поддршка и заштита од секаков вид на насилство	2024	36.000,00	Број на жени и девојки кои се обратиле во Центаротжителки на Општина Новаци.
4.5	Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа и психосоцијална поддршка за	Општина Новаци, Здруженија на граѓани, стручни лица	Поддршка на стручни организации и лица кои би организирале советодавна поддршка на категории граѓани во социјален ризик, обуки и активности како и предавања и трибини за едукација против	Подигнување на свеста на населението за социјалната превенција и заштита, стекнување на знаењата и вештини	2024	20.000,00	Број на активности и вклучени ЗГ и стручни лица

	различни категории граѓани во социјален ризик		зависности и други болести.				
4.6	Поддршка на активностите на Општинскиот советот за социјална заштита	Општина Новаци, Општински советот за социјална заштита	Финансиска, материјална и поддршка во човекови ресурси при реализирање на активности на Советот за социјална заштита	Подобрување на капацитетите на советот за социјална заштита и негова зголемена активност	2024	30.000,00	Број на активности и број на лица(разделен и по пол) вклучени во нив
4.7	Промотивна кампања	Општина Новаци	Поддршка за одредени активности и цели	Подигнување на социјалната свест кај населението	2024	20.000,00	Број на активности и број на лица вклучени во нив (разделени по пол)
	ВКУПНО					**1.401.000,00**	

Совет на Општина Новаци
Претседател

Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2024 година

1. Се прогласува Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/4
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.12.2023 г. донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Новаци
во областа на Локалниот економски развој во 2024 година

Вовед

Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Статутот на општина Новаци, други позитивни законски одредби и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи. Според членот 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа се уредува: локалниот економски развој, планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство“.

Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Со оваа Програма се утврдуваат развојните приоритети на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во текот на 2024 година. Активностите предвидени со оваа програма претставува дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Новаци: создавање на услови за потикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка.

Во 2024 година во областа на локалниот економски развој одделението за Локален економски развој и јавни дејности согласно надлежностите ќе продолжи со директна реализација на веќе започнатите проекти и со аплицирање на нови. Во текот на 2024 година активно ќе се работи на изработување на документација за нови проекти, но и апликација на постоечките кон отворените повици како од Владата и надлежните министерства и институции, така и кон меѓународните отворени фондови и програми наменети за развој на општините.

Сите активности на Општина Новаци ќе бидат во согласност со Стратегијата за ЛЕР 2023-2028 година. Преку нејзината реализација ќе се имплементираат голем број на проекти во насока на

подобрување на понудата на Општина Новаци како дестинација за рурален туризам, развој на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој и подобрување на инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра искористеност кон гореспоменатите цели.

Основна цел

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Новаци.

Генерална цел на програмата

Континуиран развој на капацитетите на Општина Новаци за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината. Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови. Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Новаци и останатите статешки документи.

Специфични цели на програмата

Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства. Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови. Континуирано подобрување на енергетската ефикасност. Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти. Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

Носители на програмските активности

Носител на Програмата за Развој е Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животна средина и локален економски развој на Општина Новаци кое во соработка и координација со Градоначалникот а разгледана и одобрена од Советот на Општина Новаци ја изготви оваа Програма и истите ќе бидат одговорни за реализација на програмските активности.

Очекувани резултати

Интензивиран локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции. Реализирана бизнис и туристичка промоција на Општината Новаци на домашен и меѓународен план. Зајакнати капацитети за промоција на Општината и привлекување инвестиции. Зголемена енергетска ефикасност на објектите под надлежност и во сопственост на Општина Новаци, како и давање на субвенции на населението за набавка на високоефикасни инвертер клими, субвенционирање на населението за изградба на енергетски ефикасни домови т.е термофасади, субвенционирање на населението за купување и вградување на ПВЦ или алуминиумски врати и прозори за енергетска ефикасност на домовите,

монтажана соларни бојлери и сл, поставување на фотоволтаици на крововите на општинските објекти за заштеда на електрична енергија и заштита на животната средина.

Програмски активности

Проектите на Општина Новаци во областа на локалниот економски развој ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. За реализација на активностите во 2024 година, предвидените активности, генерално можат да се групираат во следниве поглавја:

1.Поддршката на Локалниот економски развој на Општина Новаци

2.Финализација на започнатите проекти

3.Развој на земјоделството

4.Изработка на стратешки документи

5.Изградба на патна инфраструктура

6.Меѓуопштинска соработка

7.Потикнување на развој на туризмот во Општина Новаци

8.Меѓународна соработка

9.Прекугранична соработка

10.Екологија, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност

11.Поддршка на регионалниот економски развој

12.Проект - Општинско корисна работа

13. Проект – јавни работи

14. Проект – Јавни работи

15.Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент

16.Други оперативни расходи и договорни услуги

17. Плаќање на членарина на ЗЕЛС , АЛДА , ЦРППР и други здруженија и асоцијации во кои членува и со кои соработува општина Новаци.

18.Изработка на Стратегија за млади преку вклученост во проектот „ Зајакнување на капацитетите во Пелагонија “ со ЗГ Пролокал

19.Поддршка на земјоделците за искористување на средствата од ИПАРД

20.Организирање на „Фестивалот на жетвата Новаци 2024“

21.Имплементација на проектот People to people

22. Урбанистичко планирање и градежно земјиште

23. Изградба на термофасада во ЦОУ „Славко Лумбарковски“ во Новаци преку ЦРППР

24.Аплицирање на проектот ENTRANSIT во ИПА АДРИОН програма

РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

1.Поддршката на Локалниот економски развој на општина Новаци планира да се реализира преку следните активности :

-Гасификација на Новаци

-Проект Индустриска зона во Новаци

-Промоција на Општина Новаци и привлекување на домашни и странски инвестиции

-Изградба на ветерници, фотоволтаични и биогасни централи во Општина Новаци

-Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината за аплицирање пред домашни и меѓународни фондови;

-Партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори;

-Соработка на Општина Новаци со општините од регионот и со други општини во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности;

-Изработка на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање на проекти до отворени повици на програмите за развој на домашни фондови и преку програмите за развој на Европската Унија и други меѓународни фондови;

2.Финализација на започнатите проекти;

-Поддршка на Пелагонискиот плански регион и учество во подготовка на стратегии и програми за развој како и партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион ЦРППР согласно Законот за Рамномерен Регионален Развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој ;

-Поддршка за развој на МСП и претприемаштво. Малите и средни претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој. Поддршката и развој на МСП и претприемаштвото ќе се

реализира преку:Обуки на бизнис секторот, поддршка на МСП за усовршување и сертифицирање, поддршка на МСП за учество на саеми и промоција.

Вкупниот буџет за оваа ставка изнесува 6.000.000,00 средства од Буџетот на Општина Новаци.

3.Развој на земјоделството

Земјоделството и аграрната политика се меѓу главните приоритети на Општина Новаци. Селото и земјоделското производство отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности. Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем развој.

Ќе имаме отворен дијалог со земјоделците за решавање на нивните проблеми во делот за кој е надлежна општината. Ќе посветиме особено внимание кон оваа стопанска гранка затоа што е една од најзначајните за нашата општина и со проектите што ќе ги реализираме, ќе го подобриме животот на нашите земјоделци.

- Систем за наводнување од акумулацијата Суводол
- Изградба на секундарна мрежа во Живојно и Бач
- Изградба на примарна водовдона мрежа Бач – Брод – 2 милиони денари
- Субвенционирање на дел од земјоделското производство
- Изградба на полски патишта – 3 милиони денари
- Редовно прочистување на одводните и доводните канали покрај река Црна низ Новачко поле
- Поддршка за формирање на земјоделски задруги
- Изградба на водопоило и санација на посоечките во селата: Живојно, Долно Орехово, Бач и Гермијан

Буџет на оваа активност: 5 милиони денари

4.Изработка на стратешки документи

-Изработка на Стратегија за Локален акционен еколошки план ЛЕАП

-Изработка на стратегија за Рурален Развој

- Изработка на стратегија за Рурален Алтернативен туризам

-Подготовка, дизајн и печатење на новите стратешки документи.

5.Изградба на патна и друг вид на инфраструктура

- Златен клас - изградба на улица до ИЗ улица бр.3 – 6 милиони денари (3 милиони денари од буџет плус 3 милиони денари од донатори)
- Програма за асфалтирање на патишта и улици
- Програма за комунални дејности
- Реконструкција на тротоари Новаци – 6 милиони денари
- Изградба на рекреативен парк во село Новаци
- Изградба на пешачка патека од Новаци до манастирот на Рождество на Пресвета Богородица во Новаци - 2 милиони денари
- Изградба на тротоари од Шик до ЦОУ „Славко Лумбарковски“ Новаци – 1 милион денари

- Изградба на скејт парк – 6 милиони денари
- Изградба и реконструкција на детски паркови – 6 милиони денари

Буџет: 27 милиони денари

6.Меѓуопштинска соработка

Во областа на меѓуопштинската соработка Општина Новаци во 2024 година ќе продолжи да соработува со општините од регионот и со општините од Р.Македонија , со кои ќе учествува во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности, размена на занења, искуства и кадри во различни сфери од своето работење.

7.Потикнување на развој на туризмот во Општина Новаци

Општина Новаци во делот за поттикнување на развојот на туризмот ќе се насочи кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани согласно стратешките документи и усвоените приоритети. За таа цел се предвидуваат следните активности:

-Претставување на Општина Новаци на домашни и меѓународни саеми.

-Организирање на Фестивалот на жетвата

-Подготовка и дизајн на промотивен материјал на македонски и странски јазик за привлекување на туристи и посетители во Општина Новаци – 600.000,00 денари

-Продлабочување на соработката со збратимените општини со фокус на можностите за развој на разните видови туризам и економијата воопшто.

-Креирањето и збогатувањето на туристичкиот потенцијал и понудата со посебен акцент на алтернативниот рурален туризам преку организирање на промотивни активности од различни области, (спортско–рекреативни, културни, кулинарски, традиционални и сл. настани), до подобрување на условите за понатамошен развој на туризмот.

-Промоција на алтернативни форми на туризам – како можност за создавање на дополнителни приходи во општината и нови вработувања за мажите и жените.

- Изградба на туристички населби во Мариово од страна на приватни инвеститори

Други форми на активности со кои се помага развојот на туризмот и промоцијата на Општина Новаци се следните:

- Обезбедување сместувачки капацитети на територијата на општина Новаци со средства од меѓународни фондови и донатори за домашните и странските туристи како и за учесниците на одделни манифестации и активности во организација на општината.

-Организирање протоколарни и промотивни средби при одржување манифестации и реализирање на разни активности од областа на промоција и развој на туризмот и други активности во општината.

-Изработка на физибилити студија за развој на алтернативниот, руралниот , меморијалниот туризам на територијата на Општина Новаци.

-Поставување на табли, патокази, обележување на туристички патеки

-Туристички инфо центар во склоп на Општина Новаци

-Развој на руралниот туризам преку користење на ЕУ фондови

- Партерно уредување на шумска патека од с. Зовиќ до мостот – 3,2 милиони денари

- Уредување на капалиште во селата Зовиќ и Градешница

- Изградба на летниковец во с.Градешница – 200.000,00 денари

- Субвенции за рехабилитација на куќите во Мариовскиот дел од општината

- Мариово –Едукативна ексурзија за деца од основните училишта

- Инфо тура за туристички агенции

- Мариово – фото сафари

- Етно работилница – изработка на биено (тепано) сирење

- Астроучилница – кампување во Мариово со астроучилница за деца и возрасни

- Добро Поле – местото каде е пробиен Македонскиот фронт за време на Првата светска војна – велосипедска и 4х4 екскурзија

- Опремување на медијатека со библиотека во Младинскиот културен центар во Новаци

Буџет: 4 милиони денари

8.Меѓународна соработка

Во областа на меѓународната соработка Општина Новаци во 2024 година ќе се насочи кон продлабочување на воспоставената соработката со збратимените општини како и проширување на соработката со нови партнери преку :

-Организирани посети на претставници од Општина Новаци во збратимени општини а со цел размена на искуства и заедничка подготовка на апликации.

- Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општина Новаци и наши делегации во странство

- Учество на разни програми со проекти од различни донатори

Буџет: 600.000,00 денари

9.Прекугранична соработка

Во делот на прекуграничната соработка, одделението за Локален економски развој ќе оствари средби со партнери од грчка и албанска страна,наши досегашни партнери со кои сме реализирале проекти од ИПА програмата за прекугранична соработка од новиот програмски период 2021-2027 со цел остварување на нови партнерства и аплицирање на нови проекти од посочените програми.

Партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори;

10.Екологија, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност

Здравата животна средина е нужен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија. Токму затоа општинската администрација ќе биде насочена кон превенција на непрописно постапување со отпадот и шутот, едукација на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, како и мерки за загадувачите на средината во која живееме, воведување на субвенции за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за жителите на Општина Новаци, субвенции за изградба на термофасади, изградба на термофасада во ЦОУ Славко Лумбарковски во Новаци,субвенции за поставување на сиоларни бојлери за вода, загревање на јавните објекти со биомаса, спроведување на акции за пошумување, поставување на фотоволтаици на кровот на општинските објекти, изградба на зелени ѕидови, компостара и сл.

Буџет: 1 милион денари

11. Поддршка на регионалниот економски развој

Главната цел на оваа поддршка е создавање услови за значително намалување на диспаритетите овозможувајќи подобри можности за живот на сите граѓани за развивање и унапредување на техничките, организациските и човечките капацитети на институциите во областа на регионалниот развој, унапредување и понатамошно подобрување на законската рамка, стратегиите и акционите планови, и подобрување на координацијата за рамномерен регионален развој на национално ниво.

12.Проект - Општинско корисна работа

Проектот ОКР 2023/24 е поддржан од програмата на Обединетите нации - UNDP**,** Агенцијата за вработување и Министерството за труд и социјална работа. Програмата започна да се реазлизира на 01.07.2023 година а ќе трае до 31.03.2024 година. Има за цел да овозможи социјално вклучување на невработените лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време. Со оваа програма се ангажираат 6 невработени лица , кои им помагаат на старите лица во домашни услови и 1 лице кое што работи како воспитувач во детската градинска Бамби во Новаци.Општината го финансира делот за персонален данок на секое ангажирано лице и како и хонораротите за едно лице целосно. Овај проект ќе продолжи и понатаму преку аплицирање на новиот повик за оваа програма кој се очекува да биде објавен на почетокот на април 2024 година. За овој проект од буџетот на Општина Новаци во 2024 година се планирани 300 000,00 денари.

13. Проект – Јавни работи

Општина Новаци има повеќегодишно искуство во организирање и реализирање на проекти од областа на комуналната дејност и јавните работи.Проекти од овој тип се реализирани во периодот 2010-2023 година. Општина Новаци има потреба и честа практика во пролетниот и есенскиот период од годината да ангажира невработени лица со ниски квалификации во реализација на краткорочни проекти од областа на заштита на животната средина и одржување на јавните зелени површини.Со учество и аплицирање во Програмата за работно ангажирање-Јавни работи се овозможува продолжување на на оваа практика и ангажирање на поголем број на невработени лица. Лицата кои ќе бидат ангажирани во проектните активности во програмата Јавни работи ќе се стекнат со практични вештини од областа на одржување и заштита на животната средина и ќе имаат можност да аплицираат и да бидат вклучени во проекти или вработувања

За овој проект од буџетот на Општина Новаци во 2024 година се планирани 60 000,00 денари.

14.Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент

Транспарентноста и отчетноста, надополнети со партиципативноста, се основни принципи на доброто владеење и се клучни за јавноста да има информации и увид, но и да учествува во креирањето на општествените политики. Она што е од огромно значење е граѓаните да бидат целосно информирани но и во што поголема мера да партиципираат во процесот на донесувањето на одлуки и во креирањето на локалните политики и важните стратешки документи , кои што нив директно или индиректно ги засегаат.

15.Други оперативни расходи и договорни услуги

-Учество на обуки , работилници, семинари и сл.

-Превод на документи за потребата на работењето на општина Новаци

-Консултантски услуги

- Ревизија на проекти

-Договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари

Износот на оваа ставка во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година изнесува 130.000,00 денари.

16. Плаќање на членарина на ЗЕЛС , АЛДА , ЦРППР и други здруженија и асоцијации во кои членува и со кои соработува општина Новаци.

Износот на оваа ставка во Буџетот на Општина Новаци за 2024 година изнесува 60.000,00 денари.

Приоритет 6	**Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад**								
Цел 6.2	Се спроведуваат препораките од анализата на пропустите								
Акција 6.2.3	**Зголемување на стапката на наплата на надоместокот за отпад**								
Координација со:	ЈКП Комунална Хигиена Новаци								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
6.2.3.1	Мотивирање на граѓаните за зголемување на стапката за наплата преку обезбедување на бенефит од отпадот кој се рециклира	Континуирано	1/2024 - 4/2025	Градоначалник, Совет на општина и ЈКП	/	/	/	Постои простор за подобрување на стапката на наплата	Зголемена е стапката на наплата на надоместокот за отпад
Приоритет 6	**Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад**								
Цел 6.2	Се спроведуваат препораките од анализата на пропустите								
Акција 6.2.5	**Обезбедување дополнителен приход од трговија со отпад**								
Координација со:	ЈКП Комунална Хигиена Новаци, фирми кои работат со отпад во овие два региона								
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
6.2.5.1	Анализа на пазарот	3 месеци	1/2025	ЈКП Комунална хигиена Новаци	/	/		Нема дополнителни приходи од трговија со отпад	Обезбедени се дополнителни приходи од трговија со отпад
6.2.5.2	Контактирање со можни купувачи и продавачи	1 месец	1/2025	ЈКП Комунална хигиена Новаци	/	/	Експертска поддршка - САЛАР		
6.2.5.3	Склучување на договори	2 месеци	2/2025	ЈКП Комунална хигиена Новаци	/	/	Правна поддршка		

5 Следење на реализација на ЛАП и известување

Следењето, верификацијата на податоците и известувањето на овој ЛАП за одржливо управување со отпад ќе играат клучна улога во неговото ефикасно спроведување. Методите кои ќе бидат применети за следење на неговата реализација ќе имаат цел да го осигураат напредокот кон постигнување на целните индикатори за секоја од акциите на овој ЛАП.

За непрекинато следење на ЛАП е предвидено општинската работната група за управување со отпад да се среќава по потреба, но најмалку еднаш месечно. На таа средба ќе се координираат активностите и дискутира напредокот во реализацијата со осврт на сработеното и воочените потешкотии. За утврдување на степенот на реализација, ажурирање на активностите и анализа на сработеното, предвидена е евалуација на ЛАП кон крајот на првата година (2024). Ова ќе гарантира дека ЛАП ќе остане динамичен плански документ кој одговара на новоидентификуваните потреби и предизвици. Искуството стекнато во процесот како и научените лекции ќе бидат од непроценлива важност при изработката на новиот Регионален план за управување со отпад 2026-2031.

Континуираното известување и комуникација со сите актери вклучени во реализацијата на планот ќе овозможи навремени прилагодувања, на тој начин зголемувајќи ја приспособливоста и ефективноста на ЛАП. Модалитети на меѓуопштинска соработка се веќе вклучени во планот што ќе овозможи споделување на добрите пракси и научените лекции со другите општини во регионот. Два ротирачки члена на управниот одбор на проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво“ доаѓаат од општините во пелагонискиот и југозападниот регион што ќе овозможи блиска комуникација со донаторската зедница и засилена поддршка за реализација на активностите од планот.

Користењето на различни алатки како што се истражувања и теренски активности, заедно со верификацијата на податоците од општинската евиденција, извештаите и повратните информации од засегнатите страни и граѓаните, ќе ја гарантира веродостојноста на процесот на следење.

Посветеноста на општината кон континуирано следење и известување на овој ЛАП не само што ќе го зајакне неговиот кредибилитет, туку и ќе воспостави основа за донесување одлуки базирани на докази, промовирајќи го одржливото управување со отпадот во нашата општина.

Табелата подолу ги опишува очекуваните еколошки, социјални и економски влијанија на Локалниот акциски план (ЛАП), истовремено осигурувајќи дека неговата имплементација останува усогласена со принципите на одржливост, избегнувајќи негативни последици врз животната средина и социо-економските можности на жителите во општината.

Бр.	Прашања	Да	Не	Забелешка
1	Дали ЛАП ќе има негативно влијание врз животната средина? Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко		x	Овој ЛАП ќе има влијание врз животната средина но во позитивна насока, затоа што ќе се исчистат и затворат старите диви депонии, ќе се преземат акции за зголемување на свеста кај населението за неопходноста од селектирање на отпадот, не фрлање на губре на други локации освен посочените места за одлагање на смет, ќе се организораат работилници за најмладите кои ќе се едуцираат како треба да се постапува со отпадот, да не се загадува воздухот, почвата и воопшто животната средина во Општина Новаци.
2	Дали влијанието оди вон рамките на планот? Дали реализацијата на планот оди вон рамките на планирањето? Објаснете накратко		x	Не, се што е планирано во ЛАП – от ќе биде исполнето согласно планираното и нема да с еизлегува од тие рамки при спроведување на истиот.
3	Дали планот вклучува промени или деградација на природните живеалишта? Објаснете накратко		x	Не, планот не вклучува деградација на природни живеалишта.
4	Дали планот ќе го влоши квалитетот на водата во општината?		x	Не, планот нема да го влоши квалитетот на водата во Општина Новаци, напротив со чистење на ѓубриштата и затворањето на дивитие депонии ќе се влијае на подобрување на квалитетот на водата и спречување на загадување на истата.
5	Дали планот ќе го влоши квалитетот на почвата во општината?		x	Не, планот нема да го влоши квалитетот на почвата во Општина Новаци, напротив со чистење на ѓубриштата и затворањето на дивитие депонии ќе се влијае на подобрување на квалитетот на почвата и спречување на загадување на истата.
6	Дали ЛАП има негативно социјално влијание? Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко		x	Не, планот нема големо негативно социјално влијание затоа што во периодот за ој се однесува нема да има ниту нови вработувања на

				населението, ниту пак отпуштања на моментално вработените во ЈКП Комунална хигиена Новаци.
7	Дали планот има влијание врз материјални и/или културни ресурси кои што се значајни за локалната заедница? Објаснете накратко		x	Не планот нема да има никакво влијание врз материјалните и културните ресурси со кои што располага Општина Новаци на нејзина територија, туку спротивно чистењето и затворањето на сегашната депонија во Мегленци ќе биде позитивно затоа што сите туристи кои одат во Мариово мора да поминат покрај оваа депонија а расфрланите губришта и најлони по должината на патот само негативно влијае на нивниот впечаток за Општина Новаци.
8	Доколку постојат повеќе етнички заедници во вашата општина, дали реализација на планот ќе има негативно влијание врз квалитетот на живот на некои од нив? Објаснете накратко		x	Не, во Општина Новаци претежно живее македонско население со христијанска вероисповед освен едно населено место (Арматуш) каде населението е од исламската заедница. Сепак, овој ЛАП нема никакво негативно влијание врз етничките заедници во нашата општина ниту пак врз квалитетот на живот.
9	Дали планот ги зема предвид жените и младите девојки како посебна група граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко	x		Да, планот ги зема предвид потребите на жените како посебна група и во истиот се предвидени специфични активности кои имаат цел да го подобрат квалитетот на услугите за жените.
10	Дали планот ги зема предвид ранливите групи граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко	x		Да, планот ги зема предвид потребите на ранливите групи граѓани и во истиот се предвидени специфични активности кои имаат цел да го подобрат квалитетот на услугите кои го добиваат тие.
11	Дали планот вклучува губење на имот или средства за живот на жителите во општината? Објаснете накратко		x	Не, планот не вклучува губење на имот или средства за живот на жителите во Општина Новаци.
12	Дали планот ќе има негативно влијание врз економските можности и пристапот до пазарот на труд на жителите на општината? Објаснете накратко		x	Не планот нема да има негативно влијание врз економските можности и пристапот до пазарот на трудот на жителите на Општина Новаци.

6 Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија

Во мисијата да го подобриме управувањето со отпадот и да придонесеме кон поздрава животна средина во нашата општина, нашиот комуникациски пристап ќе се стреми кон активно вклучување на граѓаните и засегнатите страни, позиционирајќи ги како клучни актери во процесот на трансформација кон одржливи пракси. Преку ефективна комуникација, ќе настојуваме да негуваме заеднички идентитет на еколошки свесна општина, користејќи ги дигиталните комуникациски канали и другите средства за информирање кои ни стојат на располагање.

Нашата намера е активно да ги вклучиме граѓаните и засегнатите страни во заедничките напори на општината да ги имплементира активностите од ЛАП. Остварувањето на целите од планот бара поголема свесност, промени во односот на населението кон отпадот и трансформативни промени во начинот на кој комуналните претпријатија се справуваат со отпадот. Колективна посветеност кон одржливи пракси за управување со отпад кај секој граѓанин во нашата заедница ќе се постигне преку програмата за кревање на јавната свест, едукативните програми и таргетираните кампањи за поддршка на одредени активности од ЛАП и програмите за јакнење на капацитетите на општините и комуналните претпријатија.

Активното вклучување на засегнатите страни во сферата на отпадот (кои што беа идентификувани на почетокот на процесот за изработка на ЛАП) ќе биде најважниот аспект на нашата комуникациска стратегија. Во нашите напори за почиста и поодржлива општина, ние ќе настојуваме да ги вклучиме сите членови на заедницата, вклучувајќи ги бизнисите, невладините организации, медиумите, неформалниот сектор, како и јавните институции. ЛАП, неговото спроведување и сите негови промени ќе бидат отворено комуницирани и коментарите ќе бидат земени предвид. Комуникациските канали ги вклучуваат социјалните мрежи, веб страницата на општината, емаил, радио, телевизија и директна комунникација со општинската администрација. Нашиот пристап за вклучување на засегнатите страни ќе биде воден од принципите на отворена комуникација, инклузивност и заедничко одлучување.

Преку негувањето силни врски со засегнатите страни, имаме за цел да изградиме мрежа за поддршка која активно ќе придонесува кон исполнување на целите и приоритетите од акцискиот план за управување со отпад. Со заеднички напори, ќе настојуваме да ја искористиме колективната мудрост и различните перспективи, на тој начин осигурувајќи дека нашите постапки се целосно усогласени со потребите и желбите на целата заедница. Реализацијата на планот зависи од сите нас.

Изјава за транспарентност

Почитувајќи ги принципите на одговорно владеење, Општина Новаци ја препознава важноста на справување со ризиците од корупција за време на имплементацијата на овој акциски план. Тргнувајќи од тоа, ние сме целосно посветени на спроведување соодветни антикорупциски мерки за да обезбедиме транспарентност и правичност во нашите активности за управување со отпад.

Оваа заложба е во согласност со нашата цел да промовираме одговорни пракси, да ги заштитиме ресурсите, како и да промовираме пристап кој целосно ги заштитува интересите на заедницата при реализацијата на активностите од овој ЛАП за управување со отпад.

При реализацијата на овој акциски план, нашата основна цел ќе бидеме постојано будни и да ги препознаеме појавите на нетранспарентни пракси, и на тој начин да создадеме средина која дава приоритет на интегритетот и одговорното управување со отпадот на локално ниво.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2024 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/6
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19),Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 20.12.2023 година донесе:

ПРОГРАМА
за работа на Советот на Општина Новаци за 2024 година

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Во Посебниот дел на оваа Програма, Советот на Општина Новаци, по квартали, ќе ги наведи планираните работи што треба да ги изврши во текот на 2024 година, а кои согласно законските норми е обврзан да ги донеси во одреден период од годината.

Најголемиот дел на работата на Советот, односно донесувањето на одлуки, планови, правилници и други и прописи, од надлежностите на општината, кои не се наведени во оваа Програма и за кои нема конкретна временска рамка за нивно донесување, ќе се донесуваат во текот на целата 2024г.

ПОСЕБЕН ДЕЛ

ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ

Донесување/Усвојување на:

-Одлука за усвојување на тромесечен извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Новаци за периодот 01.10.2023 до 31.12.2023 година;

-Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2024 год.;

-Заклучок за усвојување на Извештај за извршен годишен попис во Општина Новаци за 2023 година;

-Одлука за усвојување на извештаи од правни лица, за начинот на искористување на финансиските средства кои Советот на општината претходно ги има одобрено во 2023 година;

-Одлука за донесување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;

-Одлука за донесување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2023 година;

-Одлука за усвојување на Завршна сметка ЈОУДГ ,,Бамби“ Новаци за 2023 година;

-Одлука за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2023 година;

-Одлука за усвојување на Завршна сметка Меѓуопштинското јавно претпријатие „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 година;

-Одлука за усвојување на Годишен извештај од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, на извршени работи за одржување на јавна чистота во Општина Новаци, за 2023 година;

-Одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за 2023 година;

-План за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година;

-Програма за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година.

АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ

Донесување/Усвојување на:

-Одлука за усвојување на тромесечен извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Новаци за периодот 01.01.2024 до 31.03.2024 година;

-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година;

-Одлука за усвојување на Извештај, за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023 година;

-Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2024 година;

-Одлука за давање на согласност за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2025/2025 година;

-Одлука за давање на согласност за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2024/2025 год.;

-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД ,,Комунална хигиена“ Новаци, за периодот од 01.01.2024г. до 31.03.2024 година.

ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ

Донесување/Усвојување на:

-Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување за периодот 2024/25 год. во ООУ “Славко Лумбарковски”- Новаци;

-Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Комунална хигиена“ с. Новаци за 2025 год.;

-Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2024 год.;

-Одлука за усвојување на тромесечен извештај (втор квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Новаци за периодот 01.04.2024 до 30.06.2024 година;

-Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Меѓуопштинското јавно претпријатие „Пелалинк“;

-Одлука усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ ,,Бамби“ Новаци за 2023/2024 година;

-Одлука донесување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Бамби“ Општина Новаци, за 2024/2025 година;

-Одлука давање на согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ ,,Бамби“ Општина Новаци, за 2025 година;

-Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување на Општина Новаци, за 2025 година;

-Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ ,,Славко Лумбарковски“, Новаци, за 2023/2024 година;

-Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, за 2024/2025 година;

-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД ,,Комунална хигиена“ Новаци за период од 01.01.2024г. до 30.06.2024г.;

-Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, за 2025 година;

ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ

Донесување/Усвојување на:

-Одлука за усвојување на тромесечен извештај (трет квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Новаци за периодот 01.07.2024 до 30.09.2024 година;

-Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2024/25 година;

-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за период од 01.07.2024 г. до 30.09.2024 г.;

-План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2025-2027 год.;

-Одлука за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци за 2025 г. по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година;

-Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзии и други слободни активности, со учениците од трето одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2024/2025 година;

-Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзии и други слободни активности, со учениците од шесто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2024/2025година;

-Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзии и други слободни активности, со учениците од деветто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2024/2025 година;

-Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола;

-Локален акциски план за управување со отпад за 2025/26 година;

-Програма за локален економски развој за 2025 година;

-Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2025 година;

-Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година;

-Програма и Акционен план за социјалната заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2025 година;

-Програма за еднакви можности на Општина Новаци за 2025 година;

-Програма за образование во Општина Новаци за 2025 година;

-Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на општина Новаци за 2025 година;

-Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Оштина Новаци за 2025 година;

-Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2025 година;

-Програма за уредување на градежно земјиште за 2025 година;

-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Новаци за 2025 година;

-Програма за животна средина за 2025 година;

-Програма за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2025година;

-Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2025 година;

-Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ЈПКД Комунална хигиена,, Новаци за 2025 година;

-Одлука за давање на Согласност на Планот за работа на Меѓуопштинското јавно претпријатие ''Пелалинк" Битола, за 2025 година;

-Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Новаци за 2025 година;

-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација зав2025 година;

-Усвојување на Буџетски календар за 2025 год. на Општина Новаци

-Усвојување на Нацрт Буџет на Општина Новаци за 2025 година;

-Усвојување на Предлог Буџет на Општина Новаци за 2025 година;

-Донесување на Буџет на Општина Новаци за 2025 година;

-Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2025 година;

ЗДВРШЕН ДЕЛ

Програмата за работа на Советот на Општината Новаци за 2024г., ќе се реализира во временска рамка како што е предвидено во Посебниот дел на програмата и во зависност од доспеаноста на прописите од страна на нивните предлагачи.

Во зависност од потребите на Општина Новаци, Програмата може да се изменува и дополнува во текот на целата 2024 година.

Програмата за работа на Советот на Општината Новаци, ќе се објави во „Службен гласник на Општината Новаци".

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за образование на Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува Програма за образование на Општина Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/7
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
Тел./факс: 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

Врз основа член 22 став 1 точка 8, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.12.2023 година донесе:

П Р О Г Р А М А ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

на Општина Новаци за 2024 година

Врз основа на член 157 и член 158 од Законот за основно образование со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

За програмата Н1 – основно образование во буџетот на Општина Новаци за 2024 година се издвоени вкупно 1.134.620,00 денари за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт.

Додека од Министерство за образование како дотации за Н1 – основно образование се издвоени вкупно 40.391.000,00 денари, од кои 38.099.796,00 денари за за плати и надоместоци и 400.000,00денари за електрична енергија

За програмата Н1 – основно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 100.000,00 денари.

На сметката донации за програма Н1 – основно образование испланирани се вкупно 0 денари.

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
Програмата јавни дејности (образование) во Општина Битола
за 2022 година

р.бр.	Програма	Ставка	Опис	Буџет	Дотации
1	Н1	401130	Основни плати		25.357.248,00
2	Н1	401310	Персонален данок на доход од плата		2.074.548,00
3	Н1	402110	Основни придонеси за ПИО		7.162.800,00
4	Н1	402210	Основни придонеси за здравство		2.857.524,00
5	Н1	402220	Основен придонес за професионално заболување		190.488,00
6	Н1	402310	Основни придонеси до Агенцијата за вработување		457.188,00
7	Н1	421110	Електрична енергија		400.000,00
8	Н1	421120	Водовод и канализација		20.000,00
9	Н1	421130	Ѓубретарина		13.824,00
10	Н1	421190	Други комунални такси и услуги		10.000,00
11	Н1	421220	Дрва	410.000,00	0
12	Н1	421240	Течни горива	700.000,00	700.000,00
13	Н1	421310	Пошта		5.000,00
14	Н1	421390	Други трошоци за комуникација		72.000,00
15	Н1	421410	Горива и масла	24.620,00	575.380,00
16	Н1	423110	Канцелариски материјали		40.000,00
17	Н1	423610	Наставно образовни помагала		10.000,00
18	Н1	423710	Средства за одржување на хигиена		30.000,00
19	Н1	423720	Материјали за разни поправки		30.000,00
20	Н1	423810	Ситен инвентар		10.000,00
21	Н1	424210	Одржување на згради		120.000,00
22	Н1	424230	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација		20.000,00
23	Н1	424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема		10.000,00
24	Н1	425250	Осигурување на недвижности и права		25.000,00
25	Н1	425920	Други финасиски услуги		2.000,00
26	Н1	425490	Други здравствени услуги		120.000,00

27	H1	425990	Други договорни услуги		18.000,00
28	H1	426310	Семинари и конференции		10.000,00
29	H1	425760	Превозни услуги во образованието		
30	H1	426410	Објавување на огласи		40.000,00
31	H1	426990	Други оперативни расходи		10.000,00
			Вкупно:		
1	H2	401130	Основни плати		
2	H2	401310	Персонален данок на доход од плата		
3	H2	402110	Основни придонеси за ПИО		
4	H2	402210	Основни придонеси за здравство		
5	H2	402220	Основен придонес за професионално заболување		
6	H2	402310	Основни придонеси до Агенцијата за вработување		
7	H2	421110	Електрична енергија		
8	H2	421120	Водовод и канализација		
9	H2	421130	Ѓубретарина		
10	H2	421190	Други комунални такси и услуги		
11	H2	421220	Дрва		
12	H2	421240	Течни горива		
13	H2	421390	Други трошоци за комуникација		
14	H2	421440	Транспорт на луѓе		
15	H2	423110	Канцелариски материјали		
16	H2	423610	Наставно-образовни помагала		
17	H2	423710	Средства за одржување на хигиена		
18	H2	423720	Материјали за разни поправки		
19	H2	423810	Ситен инвентар		
20	H2	424210	Одржување на згради		
21	H2	424230	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација		
22	H2	424420	Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема		
23	H2	424440	Поправки и одржување на друга опрема		
24	H2	425490	Други здравствени услуги		
25	H2	425760	Превозни услуги во образованието		

26	H2	425970	Консултантски услуги		
27	H2	425990	Други договорни услуги		
28	H2	426310	Семинари и конференции		
29	H2	426410	Објавување на огласи		
30	H2	426990	Други оперативни расходи		
31	H2	464990	Други трансфери		
32	H2	480140	Купување на информатичка и видео опрема		
33	H2	480190	Купување на друга опрема		
34	H2	482930	Реконструкција на други објекти		
			Вкупно:		

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

Дополнување

Награди за талентирани ученици и нивните ментори

Наградите за учениците и нивните ментори ќе бидат во следните категории :

1.За освоени места на државен или регионален натпревар по наставен предмет или индивидуален спорт.

. За освоено прво место на државен или регионален натпревар по наставен прдмет или индивидуален спорт во висина од 10 000 денари за ученикот и неговиот ментор.

. За освоено второ место на државен или регионален натправар по наставен предмет или индивидуален спорт во висина од 6 000 денари за ученикот и неговиот ментор.

. За освоено трето место на државен или регионален натпревар по наставен предмет или индивидуален спорт во висина од 3000 денари за ученикот и неговиот ментор.

1.За освоени места на екипен спорт на државни натпревари

. За освоено прво место во екипен спорт на државни или регионално натпреварување во висина од 15 .000 денари за наставникот и неговиот ментор

. За освоено второ место во екипен спорт на државно или регионално натпреварување во висина од 12 000 денари за наставникот и неговиот ментор

. За освоено трето место во екипен спорт на државен или регионален натпревар во висина од 8000 денари за наставникот и неговиот ментор .

1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за финансии и Одделението за општи и правни работи на Општина Новаци.
- Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Новаци, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2023 год.

Претседател на Општина Новаци

Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/8
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

О П Ш Т И Н А Н О В А Ц И

ПРОГРАМА

за култура , културни активности , културни и други манифестации на Општина Новаци за 2024 година

Новаци, 2024

Врз основа член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.12.2023 година донесе:

ПРОГРАМА

за култура , културни активности , културни и други манифестации на Општина Новаци за 2024 година

I.ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа , за во контекст на процесот на децентрализација , општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните.Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување , со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден , подинамичен и поквалитетен.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Новаци од областа на културата:

1.Доближување на културата до сите граѓани .

-Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Новаци рамноправно да учествуваат како творци и како корисници , во културата и во културните случувања.

2.Поттикнување на современото творештво , со посебен фокус на културните потреби на младите.

-Земајќи ја во предвид перспективата на културниот развој , особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите.Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата по нови изразни средства, ќе се поддржуваат екпериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија , како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација.

3.Обезбедување на активен однос на Општина Новаци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата.

4.Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Новаци .

5.Зачувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Новаци.

6.Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

III.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Новаци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување , поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа :

1.Зачувување на континуитетот на одржување на традиционалните културно-уметнички манифестации.

2.Реализирање на манифестации , програми и проекти кои и даваат посебно посебно обележје на Општина Новаци .

3.Создавање на услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Новаци .

4.Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Новаци .

5.Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ , СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО И ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

-во текот на 2024 година ќе се организираат следните програмски настани:

МАНИФЕСТАЦИИ

Фестивал на Жетвата Новаци 2024	
-Концерти на класична музика	
-Фолк-концерти со познати естрадни уметници	
-Концерти со етно групи	
-Концерти на фолклорни друштва од странство и домашни	
-Професионални Театарски претстави	
-Изложби на ликовни уметници од Македонија и странство како и на млади автори	
-Стенд ап комедија	
-Креативни работилници	
-Етно концерт во с.Градешница	

-Музички танцов хепенинг	
-Детски музички фестивал	

ДРУГИ АКТИВНОСТИ

-Годишен концерт на КУД НОВАЦИ од Новаци **- Фестивал на традиционална храна-вкусот на традицијата општина Новаци 2024 –организатор здружение на жени пензионери пд Новаци -Силата на Бабата**	
-Учество на КУД НОВАЦИ од Новаци на концерти во Р.Македонија и на меѓународни фестивали и концерти.	
-Опрема за потребите на КУД НОВАЦИ од Новаци	

ФИЛМ И МУЛТИМЕДИЈА

-Снимање и промоција на документарен филм и репортажа за Општина Новаци	
-Работилници за фотографија и видео	
-Организирање на изложби на фотографии на отворен простор	

ЛИТЕРАТУРА И ТВОРЕШТВО

-Конкурс за раскази и литературни творби –издавање на збирка поезија и проза од млади автори од Општина Новаци	

-Пелагониски културно-научни средби Новаци 2024	
-Поетска манифестација	

ТЕАТАР

-Професионални театарски претстави за деца и млади
-Аматерски театарски претстави за деца и млади
-Театарски работилници под менторство на професионален актер

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВАЖНИ ДАТУМИ И АКТИВНОСТИ

-Ден на Општина Новаци –сценско музичка програма и други активности
-Фестивал на книгата 23 април
-Меѓународни денови на Општина Новаци -делегации од сите збратимени општини со пригодна музичко-сценска програма каде ќе бидат претставени културните традиции на земјите –гости .
-Следење на важни датуми со можност за пригодно одбележување на светските денови
-Ден на Европа 9 мај
-Светска недела на детето
-Новогодишна детска претстава
-Новогодишен хуманитарен караван
-Велигденски хуманитарен караван
-Музички танцов хепенинг со пригодна програма за почеток или крај на учебната година

-Фитнес програмски активности
-Учество на домашни и меѓународни фестивали
-Еколошки работилници и акции за неформална едукација на младите
-Соработка со сите видови на уметници , здруженија од областа на културата , установи , како и негување на фолклорот, занаетчиството и слични културни вредности.

ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО РЕГИОНОТ НА МАРИОВО –ОПШТИНА НОВАЦИ

-Едукативна еко екскурзија-Мариово чисто **-Инфо тура за туристички агенции и тур оператори од Македонија** **-Мариово -фото сафари** **-Астроучилница –кампување во Мариово со астроучилница за деца и воздрасни** **-Велосипедска екскурзија -Допро Поле** **-Едукативен камп за деца од основните училишта во Мариово**

ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ

1. **ЦИП ТУРНЕЈА МАРИОВО**
2. **ЦРКОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ**
3. **ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ**

-ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА (озвучување , осветлување, бина , рампа , писта) **-МАРКЕТИНГ И КООРДИНАЦИЈА** **-ВОДИТЕЛИ** **-ВОЛОНТЕРСКА ПОДДРШКА**

IV. ИНСТИТУЦИЈАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА КУЛТУРНИ , ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ И СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци , државни институции , спонзорства и донации.

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци од следните ставки

1.Културни манифестации и творештво
* 100 000 денари печатење , копирање

2.Трансфери до здруженија на граѓани и фондации - 500 000 денари

Здруженија на граѓани , невладини организации , верски заедници , физички лица треба да достават барање и програма за да можат да ги користат средствата од Буџетот на Општина Новаци .

Разгледувањето на барањата од здруженија на граѓани , невладини организации , верски заедници , физички лица ќе го врши Градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000 денари , а за средства над 10.000 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци .

По завршувањето на проектите секој реализатор е ДОЛЖЕН до Советот на Општина Новаци да достави ИЗВЕШТАЈ (финансиски и оперативен) за реализација на одобрените средства.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во “ Службен гласник на општина Новаци ”.

Претседател на
Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфрастуктура во Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфрастуктура во Општина Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/9
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 22 став 1 точка 6, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.12.2023 г. донесе:

ПРОГРАМА

за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2024 година

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.
Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.
Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.
Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.
Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.
Од јавен интерес е
- поттикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- Одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.
- што се тоа објекти за спорт?

Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Финансиските услови за функционирање на спортските друштва и сојузи во општината претставуваат најголем проблем за нормално функционирање на истите, од општо позната економска состојба во која се наоѓа нашата општина, која се рефлектира и во спортот, а и непостоење на генерални спонзори за финансирање на клубовите.

Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности ,

организирање на спортски приредби и манифестации, оддржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги дебнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Новаци настојува да ја оддржи и продолжи спортската традиција кај Новачани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци од ставките:

	Трансфер на спортски клубови	**Изградба на спортски објекти**	
Организирање на меморијален фудбалски турнир : Пеце Матичевски 2023	**150 000 денари**		
Организирање на меѓународен фудбалски турнир: Младински КУП ФК Новаци	**150 000 денари**		
Трансфер на спортски клубови	**6 065 380 денари**		
Вкупно	**6 365 380 денари**		

Разгледувањето на барањата од спортските клубови ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари, а за средства над 10.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на општина Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Стојковска Најдовска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за
еднакви можности 2024 година

1. Се прогласува Програма за еднакви можности 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/10
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

ОПШТИНА НОВАЦИ

ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2024

Декември 2023

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на ден 20.12.2023 г. донесе:

Вовед

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Новаци за 2024 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен весник на РМ” бр.201/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот односно во сите сфери на човековото живеење.

Годишната програма за еднакви можности на Општина Новаци опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација ,иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредување на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација.

Политиката на остварувањето на еднаквите можности на жените и мажите треба да овозможи еднакво учество,услови,статус и третман во остварувањето на правата во сите области на општественото живеење.

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените,претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Северна Македонија е уставна категорија.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање на вистинско еднакво општество.

И покрај бројните залагања за надминување на нееднаквостите меѓу жените и мажите , во пракса сеуште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости меѓу нив. Ваквите нееднаквоси се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованиеток културата, работната средина, медиумите итн. Доколку сакаме да изградиме заедница што се базира на еднаквост, многу е битно локалната власт целосно да ја земе во предвид половата димензија и да ја вметне во своите правила на управување, организација и практично работење.

Општина Новаци Програмата ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2024 година, во соработка со различни здруженија на граѓани, институции и организации, кои работат на полето на родовата еднаквост.

Програмата ќе се спроведува во текот на 2024 година и активностите за унапредување на состојбата со родовата рамноправност ќе се насочат во следните области:

Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Новаци

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките
- Обука на советниците од Советот на Општина Новаци за еднакви можности и родова рамноправност

Родова еднаквост преку образование

- Обуки на самохрани родители за користење на алатки за on-line настава за следење и помош на своите деца
- Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) – ангажирање на образовни асистенти
- Информирање на ученици кои го завршуваат основното образование за можностите кои ги нудат нетипичните образовни профили (поради недоволен интерес на девојчињата и момчињата за изучување на нетипични образовни профили)

Родова еднаквост преку култура

- Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март

Родова еднаквост преку медиуми

- Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство
- Едукација за облиците на дискриминација ,родовата еднаквост

Родова еднаквост преку здравство

- Подигање на свест за репродуктивно здравје
- Спроведување на едукација за рано откривање на малигни заболувања,дијабетис,срцеви болести

Родова еднаквост преку социјална заштита

- Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината,олеснет пристап за остварување на еднократна помош
- Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени преку ангажирање на лица кои ќе им помагаат (преку проектот “Воспоставување на лиценциран социјален сервис”)
- Организирање посети на стари лица ,самци,самохрани родители,лица со попреченост

Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе

- Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација

Родова еднаквост и економското јакнење на жената

- Подигнување на свеста на рураланата жена
- Климатските промени и влијаните врз земјоделието
- Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис)

Јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот

- Подигање и јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот,преку организирање на трибини и средби

Конкретни цели	**Предвидени мерки и активности**	**Одговорни институции**	Показатели на успех	Извори на финансирање	Потребни финансиски средства /Буџет
1.Економско јакнење на жените Зголемување на вработеноста на жените	1.1.Промоција на можностите за олеснет пристап до пазарот на трудот 1.2.Кампања за подобрување на транспарентноста на постапките за вработување 1.3.Промовирање на мерки за вработување и сопствен бизнис	КЕМ Граѓански организации АВРМ	Бр.на одржани трибини, обуки -број на посетители -зголемен број на нововработени жени -изработка на брошура -зголемен интерес на невработени жени за самовработување	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.
2. Подобрување на квалитетот на животот и **социјална заштита**	2.1.Организирање трибини 2.2. Организирање посети на стари лица, самци, самохрани родители, лица со попреченост 2.3.Олеснет пристап за остварување на еднократна помош 2.4Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени 2.5Организирање на обуки за ослободување од стресот предизвикан од појавата на Корона вирусот ,посебно кај самохраните	КЕМ Граѓански организации Црвен крст ЦСР Координатор за еднакви можности Меѓуопштински центар за социјална работа Испорачувачи на ИТ обуки	Број на корисници Број на одржани редби, посети, Број на корисници на помош	Општина Новаци Граѓански организации	5.000,00 ден.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на поединечни индивидуални деловни објекти, во населените места во општина Новаци ќе се пресметува по м^2 нето корисна површина пресметана според горенаведените коефициенти и тоа:

Прва зона : Општински центар Новаци 1000,00 ден/м^2
Втора зона : Населени места од 200 - 1000 жители - 800,00 ден/м^2
Трета зона : Населени места од 100 - 200 жители - 500,00 ден/м^2
Четврта зона : Населени места под 100 жители - 300.00 ден /м2
Индустриски и работни зони . . . . . 3.000,00 ден /м2

За Агро берзи , откупно дистрибутивни центри или пазари , висината на трошоците за уредувањето на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште , во зависност од степенот на уреденоста . се пресметува на 50% од вкупната пресметана површина. Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на Агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари во населените места во Општина Новаци ќе се пресметува по М2 нето корисна површина, пресметана според горенавените коефициенти .

Прва зона : 300,00ден/ м2
Втора зона : 250,00ден/м2
Трета зона : 200,00ден/м2
четврта зона : 100,00 ден/м2

-Бензиски пумпни станици и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, автосервиси, автосалони, помошни простории.) Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на -Бензиски пумпни станици и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, автосервиси, автосалони, помошни простории.,Во населените места во Општина Новаци ќе се пресметува по м2 нето корисна површина пресметана според горенаведените коефицинети и тоа:)

Прва зона : 1000,00ден/ м2
Втора зона : 800,00ден/м2
Трета зона : 500,00 ден/м2
четврта зона : 400,00 ден/м2
-Надвор од урбан опфат на населено место : 400,00 ден/м2

За телефонски , телекомуникациски, ТВ и Електрични мрежи, висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе изнесува :

- **За поставување на столбови :**
  Прва зона : .....800,00 ден/единица
  Втора зона : .....700,00 ден /единица
  Трета зона: .....600,00 ден/единица
  Четрврта зона: .....500,00 ден/единица
  За надвор од населено место : ..... 500,00 ден/единица

- **За поставување на надземен и подземен кабел**
  Прва зона: ....80,00 ден/м
  Втора зона ..... 70,00 ден/м
  Трета Зона : ..... 60,00 ден/м
  Четрта Зона : ....50,00 ден/м
  За надвор од населено место : ..... 50,00 ден/м

- **За Фотоволтаични централи , согласно Правилникот за Измена и Дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во звисност од степенот на уреденост (Службен Весник на РСМ бр.16/2022 г.) „ За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата, во РСМакедонија за последната година, за 50% од површината на градежната парцела, помножена со коефициент 0,01 .**
- **За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори(биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година,помножена со коефициентот од 0.01**
- **За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија(ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.**

1. **Станбени објекти**

Ред.бр	вид на објектот	коефициент
1.	Стамбени простории	1,0
2.	Стамбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор	0,2
3.	Лоѓија затворена од три страни	0,4
4.	Подлоѓија затворена од 2 страни	0,3
5.	Балкони, тераси	0,2
6.	Заеднички проодни тераси, пасажи	0,2
7.	Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба	0,3
8.	Трафостаница до 35 КВ во објектот и надвор од	0,3

	објектот	
9.	Скалишен простор и заеднички комуникации	0,3
10.	Стражарници, управител, простории за домар	0,5
11.	Паркиралиште и гаражи	0,1

2. Деловни, јавни објекти

Ред.бр	вид на објектот	коефициент
1.	Простории	1,0
2.	Магацини	0,5
3.	Лоѓија затворена од три страни	0,5
4.	Подлоѓија затворена од 2 страни	0,3
5.	Балкони, тераси	0,4
6.	Отворен наткриен простор	0,3
7.	Помошни простории, остава за гориво, котлара,	0,3
8.	Трафостаница до 35 КВ во објектот и надвор од објектот	0,4
9.	Скалишен простор и заеднички комуникации	0,5
10.	Паркиралиште и гаражи	0,1

3. Други објекти

Ред.бр.	вид на објектот	коефициент
1	катна гаража	0,5
2	спортски покриени објекти	0,5
3.	Спортски откриени објекти	0.3
4.	Гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата	1,0
5.	Отворени пазаришта- за 30% од површината на локацијата	1.0
6.	базени	0.2
7.	Трафостаници над 35 КВ	1,0

4. За објектите од група на класи на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси:

Ред.бр.	вид на објектот	коефициент
1	Г-1 тешка и загадувачка индустрија	0,05
2	Г-2 лесна и незагадувачка индустрија	0,05
3.	Г-3 сервиси	0,05
4.	Г-4 Стоваришта	0,05

5. За Бензиски пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории):

Ред.бр.	вид на објектот	коефициент
1	Продажни простории на бензиските пумпни станици	1,0
2	Услужни простории на бензиските пумпни станици	1,0

6. **За објектите од од група на класи и намени Б-5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класи А-4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом.**

Ред.бр.	вид на објектот	коефициент
1	Сите простории	0,5

Надоместок за претходни работи во уредувањето

Член 30

Инвеститорите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод, електро-мрежа, ПТТ мрежа и други видови објекти и инсталации на кои не се засметува надоместок за уредување на градежно земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

До 100.000 ден ---------- 2,5% но не помалку од 2.000 ден.
Од 100.000 до 500.000 ден.----------2,0% но не помалку од 2.500 ден.
Од 500.000 до 1.000.000 ден. ---------- 1,5% но не помалку од 10.000 ден.
Од 1.000.000 до 5.000.000 ден. ----------0,7% но не помалку од 15.000 ден.
Над 5.000.000 ден. ----------0,5% но не помалку од 35.000 ден.

Инвеститорите на градежни и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации и сл. работи, на кои не се засметува надоместок за уредување на градежното земјиште, ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежно занатските работи., но не помалку од 2.500 денари.

Од обврска за плаќање на надоместок за претходни работи во комуналното уредување, ослободени се инвеститори на објекти кои се градат со средства на солидарност, самопридонеси, објекти кои се градат од средствата за уредување на градежното земјиште, објекти кои се градат со средства од странска помош и сите категории на објекти кои со закон се ослободуваат од плаќање надоместок за уредување на градежното земјиште.

Средствата што ќе ги плаќаат инвеститорите се пресметуваат врз основа на соодветни пресметки што ќе ги прави Одделението за комунални работи на Општината Новаци, а се плаќаат на сметка на Буџетот на Општина Новаци.

Уплаќањето на средствата се врши пред издавање на одобрение за градба

5.2. Надоместок од објекти надвор од градежниот реон

Член 31

Инвеститорите на јавни деловни, стопански и индустриски објекти, помошни простории, гаражи, полски куќи и сл. кои се градат на територијата на Општина Новаци, надвор од населените места, подлежат на плаќање надоместок за уредување на земјиштето во висина од средствата за подготвителни работи во уредувањето на земјиштето, како и опремување на земјиштето со објекти и инсталации од заедничко користење односно уредување на просторот.

Овој надоместок се определува во висина од 30% од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште. Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиќте на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

Член 32

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се наплатува по зони, во зависност од местоположбата на објектот и тоа:

Прва зона :	Општинскиот центар Новаци .
Втора зона :	Населени места од 200 - 1000 жители.
Трета зона :	Населени места од 100 - 200 жители.
Четврта зона :	Населени места под 100 жители.

5.4. Општи услови во уредувањето

Член 33

При изградба на нови објекти, за кои претходно трба да се порушат стари објекти, од површината која е предмет на наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште, се одбива површината на постојниот објект, со што минималното учество во надоместокот за уредување, неможе да биде помало од 5о% од износот утврден со Програмата.

Во случај кога новиот објект зафаќа површина помалку од 50% од стариот објект се одбива само површината што ја зафаќа новиот објект, а остатокот по порушувањето на стариот објект.

Ако новиот објект не зафаќа површина од стариот објект кои се наоѓа во состав на истата градежна парцела, а стариот објект е предвиден за порушување, пресметката за надоместокот за уредување на градежното земјиште за новиот објект се пресметува 100%, а враќањето на дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште по овој основ се врши после порушување на стариот објект во рок од 2 години.

Просториите со нето висина до 2,5м се однесуваат само на просториите во поткровје, а за површината на просторот во поткровје каде висината е 2,5 м и поголема се пресметува до коефициент 1,0.

Член 34

На инвеститорите кои платиле трошоци за комунално уредување на градежна парцела не им се засметува надоместок за уредување на градежно земјиште ако отстапиле од издадената урбанистичка согласност, а за кое отстапување може да им се издаде дополнителна техничка документација, а истото не поголемо од 10%.

Инвеститорите на објектите доколку бараат да добијат ново решение за услови на градба, доградба и надградба со кое инвеститорот се здобива со нов станбен или деловен простор, плаќаат надоместок за уредување на градежното земјиште согласно Програмата.

5.5 Начин на наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Член 35

Наплатата на надоместокот за уредување на градежното земјиште може да се врши одеднаш или на рати, ако износот преминува 15.000,00 денари, со тоа што 50% од пресметаниот износ се плаќа пред склучување на Договорот, а останатите 50% на три еднакви месечни рати за кои треба да се достави соодветно покритие (граѓански чекови, банкарска гаранција).

Доколку не се плати надоместокот за уредување на градежното земјиште во рок утврден со Договорот, надлежен е Основниот суд во Битола, во кој случај се пресметува и законска камата.

Поблиските услови за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе бидат регулиранио со Договор.

6. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Член 36

Уредувањето на градежното земјиште претставува еден континуиран процес кој се овива со години и создава можности и простор за иден развој на општината. Во тој контекст на повеќе годишно, односно повеќе фазно уредување на градежното земјиште се решаваат целосно потребите од уредување и опремување на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура.

Од причини што финансирањето на Програмата се врши од познати и непознати извори и инвеститори, динамиката на извршувањето на Програмата, односно на работите од уредувањето на градежното земјиште, ќе зависат од повеќе фактори:

- Приливот на средствата од надоместокот за уредување и надоместокот за употреба на градежното земјиште,
- Навремено изготвување на урбанистичко-техничката документација,
- Навремено распишување на конкурси и лицитации,
- Изборот на изведувачите за изградба на планираните инфраструктурни објекти со оваа Програма да се врши согласно Законот за Јавни набавки.

Сите субјекти што согласно важечката законска регулатива се посре дни и непосредни учесници во уредувањето на градежното земјиште, во рамките на своите надлежности треба да дадат максимален придонес за успешна реализација на оваа зацртана Програма.

7. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НОВАЦИ

Член 37

Во оваа глава се уредуваат работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште на подрачјето на Општина Новаци.

Изградбата на сите видови објекти се врши на уредено градежно земјиште.

Под уредено градежно земјиште од став 1 на овој член се смета земјиштето на кое се решени имотно-правните односи, обезбедено е со комунална инфраструктура и тоа: улици, јавно осветление, електрична мрежа, паркинзи, јавно зеленило.

Објектите од став 1 на овој член можат да се градат и на земјиште што не е уредено. Во тој случај, корисникот е должен во договор со субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште да го уреди истото.

Уредувањето на градежното земјиште на подрачјето на Општина Новаци се врши врз основа на Програмата, што ја донесува Советот на Општина Новаци, во согласност со постојните урбанистички планови за наделените места.

Член 38

За реконструкција на спрат се плаќа 30% од надоместокот доколку не се промени габаритот на спратот.

-Под реконструкција на постоен објект се подразбира изведување на работи на постојната градба со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања за градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот, според кои е изградена, со изведување на доградба, надградба, менување на фасада, изведување на работи за пренамена на дел од градбата, промена на технолошки шроцес, санација на кондтруктивни елементи и слично.

-Под адаптација на постоен објект се подразбира изведување на градежни работи во внатрешноста на постојната градба со што не се менуваат конструктивните елементи на градбата.

За надоместокот од претходните инвестициони работи се склучува Договор.

Член 39

Износот на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се плаќа сразмерно на вкупните трошоци за уредување на поголеми комплекси на градежното земјиште, земајќи ја во предвид намената, положбата и други посебни својства (упросечени трошоци) утврдени со Програмата.

Доколку вкупниот пресметан надоместок за користената локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот се плаќа по стварно направените трошоци за уредување на локацијата.

Работите на уредувањето на градежното земјиште ги врши субјектот на кого ќе му бидат доверени истите.

8. НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Член 40

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште,
се склучува договор за надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општина Новаци од друга страна, на заверена техничка сокументација и доставени согласности.

За објектите градени без регуларна документација, надоместокот за уредување на градежно земјиште од сопственикот ќе се наплатува само доколку објектот се вклопува во урбанистичките планови и за истиот се добие решение за локациски услови и заверен основен проект.

Член 41

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена секундарната инфраструктура, а сопственикот на земјиштето инсистира сам со свои средства да ја изгради истата согласно оверена техничка документација, должен е на локалната самоуправа за изградена основна мрежа да и надокнади трошок во висина од 30% од надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата, и да овозможи на идните сопственици на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест. Инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам, треба да биде технички примена

одсоодветното комунално претпријатие и истата да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

Член 42

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка потрошувачка, што корисникот ги изведил или ги изведува самоиницијативно без учество на општината, а пред склучување на писмени договори за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови истите се вклопуваат.

За овие локалитети мора да има исправна техничка документација, оверена од надлежен орган, и изградени инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградената инфраструктурана мрежа од индивидуалната комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на Локалната самоуправа, за да се овозможи приклучување на нови и идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници да и надоместат на локалната самоуправа целосен надомест за уредувањето на градежното земјиште.

9. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 43

Програмата влегува во сила од денот на донесувањето , која ќе се објави во „Службен гласник на Општината Новаци„.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за животна средина на Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува Програма за животна средина на Општина Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/14
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 и од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 20.12.2023 година, донесе:

ПРОГРАМА

за ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА НОВАЦИ за 2024 година

I. **СТРАТЕШКА ЦЕЛ** Програмата на Општина Новаци за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА Општа цел на Програмата: - да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина; - прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница. Специфични цели на Програмата: - Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината; - Спроведување на Оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадување на животната средина; - Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина; - Систематизирано спроведување на постојани подобрувања со постојниот систем за управување со отпадот во општината; - Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување.

III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на заштитата на животната средина во текот на 2024 година ќе бидат насочени кон:

- Контрола, анализа, следење и информирање за квалитетот на животната средина на територијата на општината и тоа на: влијание врз квалитет на амбиенталниот воздух од поединечни извори, влијание на отпадните води од поединечни извори врз површинските води и други водотеци, влијание од бучава во животната средина;
- Информирање за состојбата со квалитетот на воздухот, водите и отпадот на територијата на општината преку систематизирање на добиените податоци од државната и локалната мрежа за мониторинг за 2024 г., како и
- Изработка на еколошка проектна документација за планска документација за инсталации, инфраструктурни објекти и други проекти и тоа: Елаборати за животна средина, Студии за оцена на влијание врз животната средина, Стратешки оценки за влијание на животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документција и во согласност со закон.
- Изработка на стратешки документи за животна средина: изработка на Регистер на загадувачи со збир на податоци за изворот, видот, количината, начинот и местото на испуштање, пренесување и одлагање на загадувачките материи и отпадот во животната средина, како и изработка на Катастар за животната средина на територијата на Општина Новаци како квалитетивна евиденција на загадувачите и изворите на загадување кои испуштаат загадувачки материи и супстанции во медиумите на животната средина, во која е вклучена и картата на загадувачи.

- Интервенција во системот за управување со отпад, преку донесување на Годишна Програма за управување со отпад како законска обврска на општината согласно Законот за управување со отпадот, во која ќе бидат планирани активности во врска со имплементација на 3Р – реупотреба, редуцирање, рециклирање, набавка на нови садови за отпад за проширување на опслуженото подрачје, постапување со електронски и електричен отпад, отпадни батерии и акумулатори, санација на диви депонии на територијата на општината, печатење на пропаганден материјал за подигнување на јавната свест на граѓаните за селектирање на отпадот.
- Спроведување на активности за подигнување на нови зелени површини и уредување на запуштени зелени површини во општината согласно Предлог-Програмата на ЈКП Комунална хигиена за подигнување на нови зелени површини; Набавка на саден материјал за пролетно и есенско хортикултурно уредување на општината: цветен расад и декоративни садници.
- Одбележување на денови од ЕКО календарот. Потребно е да се воспостави пракса за обележување на најважните денови од Еко календарот (Ден на Планетата Земја, Ден на заштита на водите, Ден на екологија, Ден за борба против пушењето, Ден на дрвото и слично).
- Подигање на еколошката свест во основните училишта. Потребна е сеопфатна едукација на децата од основните училишта за нивната улога и одговорност во зачувување на животната средина во која живеат и растат. Да им се развие свеста за штетноста на загадената средина, односно предноста од чистата вода за пиење, чистиот воздух што го дишат, здрава почва, соодветното складирање на отпад и слично.
- Користење на мерки за намалување на прашината при градежни активности (прскање, миење на гуми пред излезс од градилиште итн.)

Предвидените активности во Програмата за животна средина за 2024 година:

Воздух

- Замена на печките кои користат огревно дрво со клима уреди, преку мерки за субвенционирање на домаќинствата ;

-Субвенционирање на домакинствата за поставување на сончеви колектори и бојлери

- Субвенционирање на домаќинствата за изработка на енергетско-ефикасни фасади;

- Субвенционирање при изработка на енергетско-ефикасни фасади во училиштата

- Континуирано информирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците бидејќи неисчистениот оџак е дупло поголем загадувач.

-Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди.

- Стимулирање на користење на фотоволтаични системи во јавни , деловни ,комерцијални, индустриски и стамбени објекти на подрачјето на општина Новаци .

Отпад

- Акција за чистење на диви депонии (на повеќе локации низ општината има доста диви депонии и истите треба да се исчистат со користење на механизацијата со која располага ЈПКД,,Комунална хигиена “Новаци или преку јавна набавка

Вода

- Изградба на пречистителни станици во две села на подрачјето на општината
-Уредување на канали и собирање на растителни остатоци и нивна употреба за горење
-Унапредување на системот за управување со отпад

Почва

-Акција за нови зелени површини низ скоро сите населени места со подигнување на свеста на локалното население за пошумување на голите површини уништени од пожари итн

Приходи за реализација на оваа програма:

- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Буџет на Општина Новаци
- Други извори

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Новаци", а ќе започне да се применува од 01.01.2024 година.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2024 година

1. Се прогласува Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/15
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 7 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.12.2023 година донесе:

П Р О Г Р А М А

за изработка на урбанистички планови на територијата
на Општина Новаци за 2024 година

ВОВЕД

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.
Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на Урбанистички планови за село
- Изработка на Урбанистички планови вон населено место
- Изработка на Урбанистички проекти

ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачателот на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови. Со договорот се утврдува содржината на планот (програма), роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.
Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање на од заинтересирани правни и физички лица
- Самофинансирање од правни и физички лица
- Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој
- Средства од утврдување на правен статус на бесправни градби
- Буџет на Општина Новаци и други извори

За 2024 година се предлага изработка на следните планови:

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. УПС за село Новаци
2. УПС за село Гермијан
3. УПС за село Живојно

4. УПС за село Рибарци
5. УПС за село Градешница
6. УПС за село Будимирци
7. УПС за село Бач
8. УПС за село Горно Агларци
9. УПС за село Далбеговци
10. УПС за село Добромири

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1. Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена Г2, Г3, Г4, КО Новаци вон град, Општина Новаци
2. Урбанистички план за вон населено место за изградба на објекти со намена Б2.6-Магацин на К.П.бр.1059, К.П.бр.1060, К.П.бр.1061, К.П.бр.1065, К.П.бр.1066/1 и К.П.бр.1066/2, К.О. Гермијан, Општина Новаци

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

1, Урбанистички проект за инфраструктура за Е1.7-топловод, село Новаци, Општина Новаци

2, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на ГП 1,1 на дел од КП 22/1 КО Гнеотино, Општина Новаци

3, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на ГП 1,2 на дел од КП 22/1 КО Гнеотино, Општина Новаци

4, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на ГП 1,3 на дел од КП 22/1 КО Гнеотино, Општина Новаци

5, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е1.13) - Фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 7,2MW на дел од КП 88/4 КО Гнеотино, Општина Новаци

6, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е1.13) - Фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 7MW на дел од КП 88/4 КО Гнеотино, Општина Новаци.

7, УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Д3 – ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА КП 1744, КП 1746, КП 1747, КП 1748, КП 1749, КП 1751, КП 1752, КП 1753 И ДЕЛ ОД КП 1203, КО ЗОВИЌ 1, ОПШТИНА НОВАЦИ

8, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 10(20) kV кабелски вод низ (КО Новаци, КО Новаци -вон град, КО Добромири, КО Горно Агларци, КО Долно Агларци, КО Далбеговци) - Општина Новаци и реконструкција на ТС ,,Далбеговци''

9, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1,1 и изградба на локален пат – обиколница околу с. Новаци – I фаза (точниот назив на оваа документација ќе се утврди при составување на проектната програма)
10, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1,1 и изградба на локален пат – обиколница – II фаза (точниот назив на оваа документација ќе се утврди при составување на проектната програма)
11, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е3.1 - Постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад (точниот назив на оваа документација ќе се утврди при составување на проектната програма)
12. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локален пат ОП 114 врска крстосница с. Старавина - Р-1311 до с. Будимирци.
13. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА за сообраќајна инфраструктура – пешачка патека во населено место село Новаци, Општина Новаци
14. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Далбеговци
15. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Горно Агларци
16. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура во село Долно Агларци (зависно од трасите кои ќе се определат покасно насловот на документацијата може да претрпи измени)

Согласно член 93 ќе продолжат постапките за следните плански и планско – проектни документации согласно претходниот закон:

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ЛУПД за изградба на намена Д3 – спорт и рекреација на КП 486 и дел од КП 487 КО Скочивир

ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Рибарци
2. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Бач
3. Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување со придружни објекти на река Елешка, КО Гермијан, Општина Новаци
4. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 236) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци
5. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 235) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1, АУП за формирање на градежни парцели со намена Г2 за изградба на фабрика за производство на СО2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр.876 и КП бр.877/4 КО Новаци, согласно УПВНМ за фабрика за производство на на СО2 и екстракти од треви билки за градежна парцела бр.1, Општина Новаци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред склучување на договорот со изготвувачот на планот, потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции, кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, истовремено и планови кои несметано ќе се реализираат.

Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правниот субјект – фирмата регистрирана за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.

Во зависност од потребите, оваа програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност на Советот на Општина Новаци.

Оваа програма влегува во сила осмиот од објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишна програма за работа на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2024 година

1. Се прогласува Одлука за давање на Согласност на Годишна програма за работа на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2024 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/16
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (“Службен веник на РМ“ бр. 38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/2007; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19, “Службен веник на РСМ“ бр. 275/19 и 89/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новацина седницата одржана на 20.12.2024 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈПКД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишната програма за работа на ЈКПД ’’Комунална хигиена“ Новаци за 2024 година, бр. 03-896/1 од 14.12.2023г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-890/ 19
20.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Славе Стефановски с. Живојно;

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Славе Стефановски с. Живојно, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/17
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), член 3 став 1 алинеја 1 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 20.12.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Славе Стефановски с. Живојно

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Славе Стефановски с. Живојно како лице во социјален ризик.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023/24 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Славе Стефановски
ЕМБГ 0103963410003
Трансакциска сметка 500800002876134
Депонент Стопанска Банка АД Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-890/ 20
20.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Мендо Колевски од с. Новаци

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мендо Колевски од с. Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/18
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), член 3 став 1 алинеја 8 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 20.12.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Мендо Колевски од с. Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Мендо Колевски од с.Новаци, како еднородителско семејство.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023/24 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Мендо Колевски
ЕМБГ 1509972410008
Трансакциска сметка 270700073180047
Депонент Халк Банка.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-890/ 21
20.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Јагода Стојчевска од с. Далбеговци

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Јагода Стојчевска од с. Далбеговци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/19
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), член 3 став 1 алинеја 2 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 20.12.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Јагода Стојчевска од с. Далбеговци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Јагода Стојчевска од с. Далбеговци,како лице со здравствени проблеми.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023/24 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Јагода Стојчевска
ЕМБГ 2705970445014
Трансакциска сметка 500800021838567
Депонент Стопанска Банка АД Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-890/ 22
20.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Доста Талевска од с. Горно Агларци

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Доста Талевска од с. Горно Агларци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/20
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), член 3 став 1 алинеја 1 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 20.12.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Доста Талевска од с. Горно Агларци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Доста Талевска од с. Горно Агларци, како семејство во социјален ризик.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023/24 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Доста Талевска
ЕМБГ 2003960415007
Трансакциска сметка 210501581657896
Депонент НЛБ Банка.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-890/ 23
20.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Анѓа и Благоја Димовски од с. Рапеш.

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Анѓа и Благоја Димовски од с. Рапеш, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 20.12.2023 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр. 08-922/21
25.12.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), член 3 став 1 алинеја 1 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица (бр. 14-202/4 од 28.02.2022г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 20.12.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Анѓа и Благоја Димовски од с. Рапеш

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува еднократна парична помош на Анѓа и Благоја Димовски од с. Рапеш, како семејство во социјален ризик.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Новаци, да исплати сума во бруто износ од 20.000,00 денари, од Буџетот на Општина Новаци за 2023/24 год.

Член 3

Средствата од член 1, ќе се исплатат со посебно Решение, донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на
Име Анѓа Димовска
ЕМБГ 1003970415036
Трансакциска сметка 290500015210402
Депонент ТТК Банка.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-890/ 24
20.12.2023г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Нацрт Буџетот на Општина Новаци за 2024 година;
2. Заклучок за прогласување на Измена и дополнување на Финансиската програма за јавни дејности (образование) во Општина Новаци за 2023 година;
3. Заклучок за прогласување на Програма и Акциски план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2024 година;
4. Заклучок за прогласување на Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2024 година;
5. Заклучок за прогласување на Локален акциски план за управување со отпад на Општина Новаци за 2024-2025г.;
6. Заклучок за прогласување на Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2024 год.;
7. Заклучок за прогласување на Програма за образование на Општина Новаци за 2024 година;
8. Заклучок за прогласување на Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2024 година;
9. Заклучок за прогласување на Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфрастуктура во Општина Новаци за 2024 година;
10. Заклучок за прогласување на Програма за еднакви можности 2024 година;
11. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023година;
12. Заклучок за прогласување на Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година;
13. Заклучок за прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Новаци за 2024 година;
14. Заклучок за прогласување на Програма за животна средина на Општина Новаци за 2024 год.;
15. Заклучок за прогласување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2024 година;
16. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на Согласност на Годишна програма за работа на ЈПКД ''Комунална хигиена" Новаци за 2024 година;
17. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Славе Стефановски с. Живојно;
18. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мендо Колевски од с. Новаци;
19. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Јагода Стојчевска од с. Далбеговци;
20. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Доста Талевска од с. Горно Агларци;
21. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Анѓа и Благоја Димовски од с. Рапеш.

Издавач: Градоначалник на Општина Новаци

тел. 047 203 060 **Народна банка на РСМ**
Буџет на Општина Новаци **Д.Б. 4002004169848**
Сметка 749014004563010 **Приходна Шифра 752939**